




Бр. 08-1063/1
Скопје, 08 Февруари 2011

# Нов начин на плаќање на радиодифузната такса!

Ве информираме дека почнувајќи со Решението за утврдување на радиодифузна такса кое ќе Ви биде доставено за месец Јануари 2011 година, наплатата на радиодифузната такса ќе ја врши Управата за јавни приходи (УЈП).

Новиот начин на плаќање се состои во тоа што целокупната постапка за наплата ќе ја врши Управата за јавни приходи, наместо како досега ЈП Македонска радиотелевизија. Исто така, УЈП редовно, односно за секој месец, ќе Ви доставува решение со кое директно кај носителот на платниот промет (банка или пошти) ќе можете да извршите уплата на радиодифузната такса.

Плаќањето на радиодифузната такса се врши најдоцна до 15-ти во месецот. На пример, радиодифузната такса за месец Јануари треба да ја платите најдоцна до 15-ти Февруари.
Во случај на задоцнето плаќање, се пресметува камата од 0,03% на износот кој нема да го платите во законскиот рок и тоа за секој ден задоцнување.

## КОЈ и КОЛКУ има обврска да плаќа радиодифузна такса?

### Граѓани

Секое семејно домаќинство има обврска да плаќа месечен износ на радиодифузна такса од 130,00 денари.
* Семејното домаќинство кое има слепо лице со оштетување на видот од над 90% и глуво лице со оштетување на слухот од над 60 децибели, утврдено согласно со прописите за инвалидско осигурување, е ослободено од плаќање на радиодифузна такса за станот во кој живее неговото семејно домаќинство.

### Сопственик на деловен простор

Доколку сте сопственик на деловен простор во кој обавувате дејност или деловниот простор го користи друго лице, на секои 20 вработени се плаќа по една радиодифузна такса од 130,00 денари месечно.
На пример, лицето “Н.Н.“ користи деловен простор под кирија од лицето “А.А.“ и има 45 вработени. Месечниот износ на РДТ ќе изнесува 390,00 денари кој треба да го плати лицето “Н.Н.“

### Други јавни објекти

Во зависност од опременоста на јавните објекти според бројот на Радио и ТВ приемник, се плаќа по една радиодифузна такса за секој приемник.

### Правни лица

Плаќањето на радиодифузна такса се поврзува со бројот на вработени доколку сте правно лице.
На секои 20 вработени, правните лица плаќаат по една радиодифузна такса.
На пример, ако имате 25 вработени, месечниот износ на РДТ ќе изнесува 260,00 денари.

### Угостителски објекти

Ако сте сопственик на угостителски објект и доколку објектот е опремен со Радио или ТВ приемник, во тој случај за секој приемник ќе треба да платите по една радиодифузна такса.
На пример, кафе бар е опремен со 1 радио и 2 ТВ приемника.
Месечниот износ на РДТ ќе изнесува 390,00 денари.

### Хотели и мотели

Регистрираните објекти кои работат како хотели и мотели имаат обврска да плаќаат по една радиодифузна такса на секои 5 соби.
На пример, ако капацитетот на хотелот е 10 соби, тогаш месечната обврска за радиодифузна такса ќе изнесува 260,00 денари.

## КАДЕ да пријавите промена на податоци?

Бидејќи пресметувањето и утврдувањето на радиодифузната такса Управата за јавни приходи ја врши во име, за сметка и врз основа на податоците од Регистарот на обврзници за радиодифузна такса на ЈП Македонска радиотелевизија, доколку е потребно да извршите промена на регистрационите податоци и податоците кои се од значење за утврдување на износот на радиодифузната такса, Ве молиме да се обратите за подетални информации во ЈП Македонска радиотелевизија, Сектор за радиодифузна такса, на телефон 02/5514 447, 02/5514 446 и 02/5514 435.

*Твој данок, твоја иднина!*

**Инфо центар 0800 33 000**
**е-Пошта info@ujp.gov.mk**
**www.ujp.gov.mk**